# Извадок на дел од дневни настани 26.04.2022

На 26.04.2022 во 02.20 часот на регионалниот пат во тетовско Горно Палчиште, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 27-годишниот Б.Е. од тетовско Жеровјане затоа што при негов и преглед на патничко моторно возило „фолксваген голф", што тој го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. Б.Е. бил задржан во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе му бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 25.04.2022 околу 17.30 часот на улица „Иво Лола Рибар" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 20-годишниот тетовец Б.Т. затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе следува поднесок.

На 25.04.2022 околу 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на ул.„Браќа Реџепагиќ" две лица пукале со автоматско оружје. Од пукањето со тешки повреди се здобил Ј.И.(47) од Скопје и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде што околу 22.20 часот починал. Исто така, со повреди се здобиле М.А.(43) и Л.Ш.(42) од Скопје, кои биле пренесени во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Додека во Комплексот клиники „Мајка Тереза" со повреди-исекотини на раката бил донесен А.И.(30) од Скопје. Увид на местото извршиле полициски екипи и се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за расчистување на случајот.

На 26.04.2022 во 01.20 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го лишиле од слобода П.Т.(42) од село Бучим, крушевско, затоа што при проверка било констатирано дека е евидентиран во службена евиденција со мерка „апси" издадена од Интерпол. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 25.04.2022 во периодот од 14.00 до 20.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена засилена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат моторни возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 57 прекршоци, од кои 19 на подрачје на Струмица, 17 на подрачје на Радовиш, 11 во Валандово и 10 на подрачје на Гевгелија. 29 возачи ја пречекориле брзината на движење надвор од населено место, а 28 во населено место. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 25.04.2022 во 17.45 часот во ОВР Крушево било пријавено дека на локален пат во Крушево четирицикл, управуван од Е.К. (20) од Скопје, излетал од коловозот. Во несреќата малолетен совозач од Скопје се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градска болница Прилеп. Увид на местото извршила екипа од ОВР Крушево.

На 25.04.2022 во 17.40 часот во СВР Струмица било пријавено дека на делницата од село Смолари до крстосница со магистрален пат А4, мотоцикл без регистарски ознаки, управуван од Т.Г.(64) од с.Стиник, струмичко, излетал од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Т.Г., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 25.04.2022 во 18.15 часот во СВР Струмица било пријавено дека во с.Габрово, струмичко, трактор „ИМТ 533" без регистарски ознаки, управуван од Б.В.(54) од с.Габрово, излетал од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Б.В., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 25.04.2022 околу 12.00 часот во атарот на село Кореница, општина Кривогаштани, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Г.Б.(54) од Република Албанија, со престој во с.Долнение, затоа што во селото физички и со дрвен предмет ги нападнал Љ.Ј.(39) и В.Г.(33), двете од Албанија, а со живеалиште во с.Кореница. По целосно комплетирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.04.2022 во 20:45 часот во Полициска станица – Карпош, Н.Д. (69) од Скопје пријавил дека на улица „Трнодол" малолетник од Скопје бил каснат од куче скитник.

Денеска (26.04.2022) во 11.50 часот на бул.„Видое Смилевски Бато" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим Потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(33) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 25.04.2022 година во 23.00 часот, полициски службеници од Полициското одделение Ново Село ги лишиле од слобода Р.К.(23) од село Дрвош, струмичко, С.Р.(21) и Б.А.(21) од Радовиш. Тие биле затекнати при обид да извршат тешка кражба во фабрика за производство на марихуана на место викано „Добрава" во близина на село Сушица, струмичко. Лицата биле задржани во Полициска станица Струмица, а за настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Струмица. По целосно расчистување на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.04.2022, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода К.Т.(33) од Штип. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 25.04.2022 во периодот од 08.00 до 18.30 часот, по преземени мерки и активности, полициски службеници од СВР Штип во содејство со шумска полиција и Јавното претпријатие „Серта" - Штип во дворните места на С.И.(35) и Б.М.(24) во с.Кучица биле пронајдени и одземени огревни дрва без соодветна документација. Исто така, во атар на селото биле пронајдени и одземени бесправно исечени огревни дрва. Одземените дрва биле предадени на Шумска полиција и на Јавното претпријатие „Серта" за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 25.04.2022 во ОВР Гостивар било пријавено дека во домот во гостиварското село Вруток со убодни рани по телото била пронајдена почината 55-годишната Б.А. од Република Албанија, со живеалиште во селото. Јавен обвинител и екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар извршиле увид и се работи на расчистување на случајот.

На 25.04.2022 година од 14 до 20 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 70 возачи кои управувале моторно возило со брзина поголема од дозволената(Охрид-40, од кои 24 надвор од населено место и 16 во населено место, Струга-28 во населено место, Кичево-09 во населено место, Дебар-09, од кои надвор од населено место-06 и во населено место-03).

На 25.04.2022 околу 21.45 часот на улица „Гоце Делчев" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ја пронашле 23-годишната П.А. од Штип за која на 23-ти овој месец нејзиниот сопруг Д.Ј.(37) од Прилеп во Полициската станица Прилеп пријавил дека се оддалечила од домот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.Л.(22) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". При преглед во неговиот патнички автомобил, извршен на булеварот „Туристичка" во Охрид, полициските службеници пронашле и одзеле вкупно 8980 парчиња пиротехнички средства.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Г.И.(34) од струшкото село Радолишта и против правно лице со седиште во истото село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". При контрола, извршена на 24.03.2022 година, полициските службеници затекнале автобус „Мерцедес", сопственост на правното лице, кој немал соодветна дозвола-лиценца за вршење јавен превоз на патници во внатрешниот сообраќај, издадена од надлежен државен орган.

На 25.04.2022 во 19.59 часот во СВР Скопје пријавено било дека во спортска обложувалница во с.Сингелиќ, скопско, две лица со закана кон вработениот одзеле пари од дневен промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.04.2022 во 18.00 часот во СВР Скопје, Ј.А.(50) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар неколку лица со закана одзеле велосипед од неговиот син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.04.2022 околу 15.00 часот во Полициската станица Чаир било пријавено дека настанал пожар во објект во изградба на улица „1555" во с.Визбегово, скопско, сопственост на И.Ц.(49) од Скопје. Со пожарот била зафатена и ограда на соседна фирма. Екипа на Противпожарната бригада Скопје го изгаснала пожарот. Повредени лица нема, а увид на место извршила екипа од Полициската станица Чаир.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет